# ИНФО БИЛТЕН

ФЗОМ

## Фонд за здравствено осигурување на Македонија

**ИНФО БИЛТЕН ИЗДАНИЕ БР.30/2013**
**мај**

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

# Содржина

1 Воведување на нови референтни цена за нови услуги – област генетика и имунологија ....... 3

2 Јавен повик за поднесување на барање за издавање на електронска здравсвена картичка (ЕЗК) за сите правни и физички лица кои немаат поднесено барање за издавање на ЕЗК ............ 6

3 Права кои произлегуваат од измените и дополнувањата на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување кои се применуваат од 18. 04.2013 година ........ 7

4 Работна посета на ФЗОМ во Републичкиот Фонд за здравствено осигурување во Белград, Република Србија на 24 април 2013 година ........ 9

5 Одржана средба на директорот на ФЗОМ со висока делегација од Комисијата за здравство на чешкиот парламент ........ 10

## 1 Воведување на нови референтни цена за нови услуги – област генетика и имунологија

Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија усвои 24 нови референтни цени за нови здравствени услуги кои се однесуваат на областа генетика и имунологија. Новите референтни цени, после добивање на согласност од страна на Министерот за здравство, се објавени во Службен весник на РМ број 54 од 15.04.2013 година така што истите стапуваат на сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Весник, односно 23.04.2013 година.

Здравствените установи кои ги пружаат услугите на здравствените осигуреници до сега ги евидентираа реализираните услуги на осигурениците според стариот ценовник на здравствени услуги од 1992 година. Со воведување на референтни цени за новите услуги се овозможува еднаков приказ на реализираните услуги од областа на генетиката и имунологијата.



Со цел правилно утврдување на конкретните услуги како и реално формирање на референтните цени, Комисијата за утврдување на референтни цени формираше работна група заедно со преставниците на здравствените установи кои ги пружаат овие услуги. Така, новите референтни цени се производ на заедничка работа на Комисијата од ФЗОМ како и на претставниците од Институтот за имунологија при Медицинскиот факултет - Скопје и Македонската академија на науки и уметности (МАНУ).



Новите референтни цени од областа на генетиката и имунологијата се објавени на веб страната на фондот www.fzo.org.mk во делот: почетна -> ценовник на здравствени услуги -> ценовник на здравствени услуги (последна промена 15.04.2013 година).

**Новите референтни цени од областа на генетиката и имунологијата се следниве:**

| Шифра на пакет/ услуга | Назив на пакет/ услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| ХУГ032 | Мутација на БРАФ-реверзна линиска лента (Reverse Line Strip, RLS) | 7.160 |
| ХУГ033 | Мутација на КРАС- реверзна линиска лента (Reverse Line Strip, RLS) | 7.160 |
| ХУГ034 | Молекуларна карактеризација на 6 почести дефекти во ЦФТР генот со Инолипа метод | 7.160 |
| ХУГ101-200 | Мутација со должински полиморфизми на рестрикциски фрагменти (Restriction Fragmnt Length Polimorphism, RFLP) | 830 |
| ХУГ201-250 | Мутација - секвенционирање до 5 реакции | 7.500 |
| ХУГ251-300 | Мутација - секвенционирање од 5 до 10 реакции | 15.000 |
| ХУГ301-350 | Мутација - секвенционирање од 10 до 20 реакции | 25.000 |
| ХУГ351-400 | Мутација - секвенционирање над 20 реакции | 50.000 |
| ХУГ400-499 | Мутација за ретки генетски заболувања со секвенционирање | 18.950 |
| ХУГ506 | Одредување на генски дефект (експанзија на триплет CAG) во Huntingtin (HTT) генот кај Huntington's chorea | 7.700 |
| ХУГ510-600 | Хумана идентификација - маркер анализа на кратки повторувачки сегменти (Short Tandem Repeats, STR) | 10.550 |
| ХУГ601-650 | Пренатална и постнатална дијагноза - повеќекратна врзано-зависна амплификација на проби (Miltiplex Ligation-dependent Probe Amplification, MLPA) | 4.600 |
| ХУГ701-800 | Неврогенетика и ментална ретардација - повеќекратна врзано-зависна амплификација на проби (Miltiplex Ligation-dependent Probe Amplification, MLPA) | 5.950 |
| ХУГ801-900 | Наследен канцер и туморска карактеризација - повеќекратна врзано-зависна амплификација на проби (Miltiplex Ligation-dependent Probe Amplification, MLPA) | 6.780 |

| | | |
|---|---|---|
| **ХУГ901-1000** | **Фармакогенетика - повеќекратна врзано-зависна амплификација на проби (Miltiplex Ligation-dependent Probe Amplification, MLPA)** | **3.600** |
| **ХУГ1001-1100** | **Метилациски анализи - повеќекратна врзано-зависна амплификација на проби (Miltiplex Ligation-dependent Probe Amplification, MLPA)** | **3.900** |
| **ХУГ1101-1200** | **Различни генетски пореметувања - повеќекратна врзано-зависна амплификација на проби (Miltiplex Ligation-dependent Probe Amplification, MLPA)** | **7.200** |
| **ХУГ1201-1300** | **Одредување на вродени анемии на протеинско ниво** | **7.150** |
| **ХУГ1301-1400** | **Одредување на различни генски дефекти и вирусна активност со метод на ПВР во реално време** | **10.900** |
| **ХУГ1401-1500** | **Арејна-компаративна геномска хибридизација (aCGH) за детекција на молекуларниот кариотип и минорни генски реаранжирања кај лица со МР и пречки во развој** | **75.000** |
| **ХУГ1501** | **Одредување на аминокиселински статус** | **6.200** |
| **ХУГ1601-1700** | **Одредување на мутации со SNaPshot метода** | **5.000** |
| **ХУГ1701-1800** | **Анализи со ПВР во реално време** | **7.000** |
| **ХУГ1801-1900** | **Анализи со квантитативна флуоресцентна ПВР (QF - PCR)** | **6.500** |

- **Извор : ФЗОМ**

## 2 Јавен повик за поднесување на барање за издавање на електронска здравсвена картичка (ЕЗК) за сите правни и физички лица кои немаат поднесено барање за издавање на ЕЗК

ФЗОМ ги известува сите големи и средни претпријатија (со вкупен број над 20 лица) дека од 29.04.2013 година постапката за издавање на електронска здравствена картичка (ЕЗК) е олеснета, а со тоа правните лица можат да поднесуваат групни барања и уплати за ЕЗК за сите свои вработени, како и за членовите на нивните семејства.




Поради можните несовпаѓања на бројот на вработени лица во евиденцијата на претпријатијата и во евиденцијата на Фондот, ФЗОМ ја олесни постапката со воведување на претходна електронска проверка на валидноста на податоците.

Чекор 1. Големите и средни претпријатија електронски пополнетото „Групно барање за ЕЗК“ превземено од веб страната на Фондот во делот за електронско здравство (www.fzo.org.mk) го доставува на една од двете e-mail адреси: helpdesk@fzo.org.mk или goranj@fzo.org.mk;

Чекор 2. Претпријатието на истата е-маил адреса добива известување од ФЗОМ за валидноста на доставените податоци.

Доколку податоците се совпаѓаат со евиденцијата во ФЗОМ, тогаш претпријатијата поднесуваат образец ГБК-1 во прилог со испечатеното групно барање за ЕЗК, верификувано од овластено лице и го доставува до подрачната служба на Фондот, заедно со групната уплата за ЕЗК.

Доколку податоците не се совпаѓаат, тогаш, во електронското известување од ФЗОМ ќе биде наведено за кои лица постои несовпаѓање и ќе биде наведен начинот како да се надмине истото.

Исклучок од претходната постапка:

Доколку овластеното лице на претпријатието не е во состојба да гарантира за валидноста на податоците поради (на пр. водење рачни евиденции на вработени, неажурирани податоци за вработени и за нивните членови на семејства, итн), тогаш како и до сега, поднесува ГБК образец со прилог поединчни барања и со пропратна документација (копија од лична карта, согласност за правање на копија на лична карта, извод од матична карта на родени и доказ за извршена уплата на ЕЗК) и ги доставува истите до подрачната служба на Фондот.

Со оваа последна промена ФЗОМ сака да им излезе во пресрет на големите и средни претпријатија и да ја олесни постапката за поднесување на групни барања за ЕЗК без пропратна документација и поединечни барања (до сега, на пр. едно големо претпријатие со 1000 вработени требаше да поднесе 7500 листа хартија за своите вработени и за членовите на нивните семејства за поднесување и издавање на ЕЗК).

**Воедно ги повикуваме и сите преостанати правни и физички лица кои немаат доставено барање или уплата за издавање на ЕЗК, истото да го направат во најбрз можен рок во подрачните служби на ФЗОМ. Законската регулатива предвидува да сите осигуреници мораат да имаат ЕЗК заклучно со 30 јуни 2013 година.**

## 3 Права кои произлегуваат од измените и дополнувањата на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување кои се применуваат од 18. 04.2013 година

Со измените на правилникот се овозможи утврдувањето на својството на осигуреното лице кое се врши врз основа на поднесена пријава за здравствено осигурување (ЗО-1 образец) да се врши во било која подрачна служба на Фондот, без оглед на местото на живеење или работа на осигуреното лице.




При поднесувањето на пријавата за здравствено осигурување, се овозможи подносителот на пријавата да не доставува докази за основот на осигурување ако со истите располага Фондот, односно ако Фондот истите ги добива по службена должност од друга институција (како што се пријавите М1/М2 од АВРМ, пријави од Фондот на ПИОМ за стекнато својство на пензионер и сл.).

Исто така и при одјавата од здравствено осигурување се приложува соодветен доказ за престанок на основот на осигурување, освен за оние докази (факти) со Фондот располага по службена должност.

Со воведувањето на  електронска обработка на образецот на пријавата односно одјавата во здравствено осигурување (ЗО-1 образец) по точно дефинирани процедури, како и функционирање на електронски потпис, пријавувањето и одјавувањето во задолжително здравствено осигурување ќе има можност да се врши и по електронски пат.



И кај образецот за избор на лекар, односно промена на избран лекар, со  воведување на електронска обработка на истите изборот на лекар односно промената на избран лекар по точно дефинирани процедури, како и функционирање на електронски потпис, изборот односно промената на избраниот лекар во одредени случаи ќе има можност да се врши и по електронски пат.

Со измената на овој правилник се овозможува осигуреното лице потврдата за платен придонес (син картон) да може да ја подигне од било која подрачна служба на Фондот.

Со дополнувањето на одредбите во правилникот важењето на потврдата за платен придонес (син картон) се врзува со важење на пријавата за здравствено осигурување, односно дали осигуреното лице е се уште осигурено по тој основ по кој што му се издадени потврдите за платен придонес.

Од ова произлегува и дека примерок од потврдата за платен придонес (син картон) се приложува кон пресметката за извршената здравствена услуга и кон рецептот за издаден лек само за оние осигурени лица кои траењето на здравственото осигурување го докажуваат со синиот картон.



Извршено е и усогласување на одредбите од правилникот со  одредбите од законот за здравственото осигурување. Подрачната служба на Фондот по службена должност може да ја изврши промена на избраниот лекар врз основа на поднесена  изјава на осигуреното лице и нејзина верификација со увид на личните податоци во личната карта, во рок од осум дена од поднесувањето на изјвата.

# 4 Работна посета на ФЗОМ во Републичкиот Фонд за здравствено осигурување во Белград, Република Србија на 24 април 2013 година

ФЗОМ на 24 април беше во еднодневна работна посета во Белград, Република Србија во состав: директорот на ФЗОМ г. Јован Грповски и секторските директори г Аритон Фида, директор на сектор за меѓународни договори, г. Бојан Цветковиќ, директор на сектор човечки ресурси, г. Саша Иванов, директор на сектор контрола со Србија, со своите со колеги од Србија, односно со директорот на Заводот за социјално осигурување на Србија, г. Зоран Пановиќ и со директорот на Републичкиот фонд за здравствено осигурување на Србија, г. Момчило Бабиќ.

Се разговараше за примената на договорт за социјално осигурување меѓу двете земји во областа на здравството, како и за новините и достигнувањата во здравствениот систем во изминатата година. Истовремено се дискутираше и за состојбата на пресметките и побарувањата по основ на меѓусебни обврски и побарувања кои произлегуваат од меѓудржавниот договор за социјално осигурување

На оваа работна средба тимовите на двете земји имаа можност подобро да се запознаат со начинот на работа како и со организацијата на здравственото осигурување со цел унапредување на меѓусебната соработка.

## 5 Одржана средба на директорот на ФЗОМ со висока делегација од Комисијата за здравство на чешкиот парламент

ФЗОМ се реализираше работна средба на директорот на ФЗОМ г. Џемали Мехази со висока делегација од Комисијата за здравство на чешкиот парламент предводена од проф. д-р Алеш Розточил.

На средбата беше разговарано за здравствените реформи што се одвиваат во Р.Македонија, се направи споредба на македонскиот и на чешкиот систем на здравствена заштита, начинот на финансирање, стапката на задолжително здравствено осигурување при што се заклучи дека во основа здравствените реформи се движат во слична насока.



Во однос на улогата на фондовите за здравствено осигурување, беше спомената разлика дека во Република Македонија Македонија има еден Фонд за здравствено осигурување, додека во Чешка Република има 8 фондови за здравствено осигурување.

Беше истакнат позитивниот развоен тренд на македонско-чешките односи на поле на здравството и од страна на чешката делегација беше искажана отворена поддршка за интензивирање на досегашната соработка.

